

8 одделение

ИКТ И ПРОФЕСИИТЕ

Наставник: Леонид Крстевски

ТЕХНОЛОГИЈАТА НЕ ГИ МЕНУВА САМО УРЕДИТЕ

Порано	Денес
Писма	Електронска комуникација
Фотографски филм	Дигитална фотографија
Хартиени мапи	GPS



КАКО ИКТ ВЛИЈАЕ ВРЗ ПРОФЕСИИТЕ?

ВАЖНО ЗА ТЕСТ

Развојот на ИКТ ги менува постојните професии, намалува потреба од некои работни задачи и создава нови професии.

ПРОМЕНЕТИ професии



Иста професија, но со нови алатки и вештини.

ПОРЕТКИ професии или задачи



Некои задачи се автоматизираат и има помалку потреба од нив.

НОВИ професии



Се создаваат нови професии и нови можности за работа.

ПРОФЕСИИТЕ НЕ МОРА ДА ИСЧЕЗНАТ

Важно е учениците да не научат:

„Компјутерите ги заменуваат сите професии.“

Не.

Почесто технологијата го менува **начинот на работа.**

Пример: НАСТАВНИК

Порано

- табла
- книги
- хартиени материјали



Денес

- компјутер
- презентации
- дигитални платформи
- електронски материјали



Професијата останува, но **начинот на работа** се менува.

АВТОМАТИЗАЦИЈА

ДЕФИНИЦИЈА

Автоматизација е користење технологија за автоматско извршување задачи со намалена потреба од постојана човечка интервенција.

Примери:



роботи во производство



банкомати



автоматски каси



автоматско сортирање пратки



автоматски системи за наводнување

ЗА ТЕСТ

Автоматизацијата овозможува одредени задачи да се извршуваат автоматски со помош на технологија.

ПРОФЕСИИ И ЗАДАЧИ КОИ СТАНАЛЕ ПОРЕТКИ

Со развојот на технологијата, некои работи што порано ги правеле луѓето денес ги прават машини, компјутери или аплкации.

Луѓе што рачно пресметувале сметки



Денес компјутерите и калкулаторите брзо ги пресметуваат.

Луѓе што рачно барале информации во книги и енциклопедии



Денес информациите лесно ги бараме на интернет.

Работници што рачно броеле пари и пресметувале кусур



Денес касите автоматски ја пресметуваат сумата и кусурот.

Луѓе што користеле хартиени карти за да најдат пат



Денес користиме GPS и Google Maps.

Луѓе што станувале наутро со помош на часовник со навивање



Денес користиме дигитални часовници и аларми на телефон.

Луѓе што оделе или праќале писма за да пренесат кратка порака



Денес користиме пораки, Viber, Messenger и други апликации.

НОВИ ПРОФЕСИИ NEW

Истовремено ИКТ создаде потреба од нови професии.



Програмер

создава и развива софтвер.



Веб-развивач

создава и одржува веб-страници и веб-апликации.



Специјалист за сајбер-безбедност

помага во заштита на системи и податоци.



Аналитичар на податоци

анализира податоци и извлекува корисни информации.



UX/UI дизајнер

работи на изгледот и начинот на користење на дигитални производи.

УШТЕ Неколку НОВИ ПРОФЕСИИ



Развивач на мобилни апликации

Создава апликации за паметни телефони и таблети.



Инженер/ специјалист за ВИ

Развива и применува вештачка интелигенција во различни области.



Cloud инженер

Го поставува, одржува и управува софтверот и податоците во облак.



Развивач на видеоигри

Создава и програмира видеоигри и интерактивни светови.



Специјалист за дигитален маркетинг

Промовира производи и услуги на интернет и социјални мрежи.

ВАЖНО

Развојот на ИКТ не **само** што менува **професии** — создава и **потреба од нови знаења и вештини.**

НОВИ ВЕШТИНИ

Дури и професија што не е информатичка денес може да бара:



работа со компјутер



користење интернет



дигитална комуникација



пребарување и процена на информации



безбедно користење технологија



работа со дигитални податоци

НОВ ПОИМ → **Дигитални вештини** се способности за **правилно** и **ефикасно** користење дигитални технологии.

ИКТ ВО РАЗЛИЧНИ ПРОФЕСИИ

ЛЕКАР



електронски здравствени податоци и современа медицинска технологија

НАСТАВНИК



дигитални материјали и платформи

ЗЕМЈОДЕЛЕЦ



сензори, GPS и автоматизирано наводнување

АРХИТЕКТ



компјутерско моделирање

МЕХАНИЧАР



компјутерска дијагностика

Прашање:

Дали денес само програмерите треба да имаат дигитални вештини?

→ **НЕ.**

АКТИВНОСТ: ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Одреди: **A** – професијата се променила | **B** – работата/задачата станала поретка | **C** – создадена е нова професија

1



Наставник користи дигитална платформа.

A

2



Рачно поврзување телефонски повици.

B

3



Специјалист за сајбер-безбедност.

C

4



Механичар користи компјутерска дијагностика

A

5



Развивач на мобилни апликации.

C

МИНИ КВИЗ

Провери што си научил!

1 Што е автоматизација?



A. Рачно извршување на сите задачи

B. Користење технологија за автоматско извршување задачи

C. Исклучување на компјутер

2 Кој е пример за нова професија поврзана со развојот на ИКТ?



A. Специјалист за сајбер-безбедност

B. Телефонски оператор за рачно поврзување повици

C. Дактилограф

3 Како ИКТ влијае врз професиите?



A. Само ги укинува

B. Воопшто не влијае

C. Ги менува постојните и создава нови професии и задачи

4 Што се дигитални вештини?



A. Способности за користење дигитални технологии

B. Само способност за играње игри

C. Поправање автомобил